КУЛТУРНО
ИНФОРМАТИВЕН
ЦЕНТАР
СКОПЈЕ



# БОРО КРСТЕВСКИ

## 50 ГОДИНИ
## ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО

## 50 YEAR FINE ART WORK



**АВТОПОРТРЕТ**
**SELF-PORTRAIT**

## БОРО КРСТЕВСКИ 50-ГОДИНИ ВДАХНУВАЊЕ НА ПЛАСТИЧНО ЕСТЕТСКИ ЖИВОТ

Скулпторската мисла која иако поврзана за материјалот во кој ќе биде изведена,таа сепак се заснова набројните можности на играта во која пак се воспоставуваат нови односи спрема предметот и предметното....Го дефинира просторот и воедно му ги одредува димензиите. За Боро Крстевски секако е важна естетатизацијата и непофторливоста. Води сметка за површините односно за односот на волумените и рамните површини, светлината .... Исто така води грижа на моментот во кој идеата се претопува во благородноста на материјалот, значи, создава дела кои се резултат на неговата пластична скулпторска размисла. Кај него примарната форма на делата е обликот кој пак настанува со непосредната интервенција на скулпторската постапка како и непосредното преобликување на масата во ликовно вредносен предмет. На моменти површината ја издвојува од пресекот на другите случувања и тоа на еден вид сликарски начин. Имено површината ја организира погусто или потемно со рустични слоеви под кои пак, во соодност со светлината се одвива активен живот на формата. Осмислените моделирани маси, разработените планови, ритамот на линии и знаци му обезбедуваат на делото - предмет, пластично естетски живот во просторот, а на авторот Боро Крстевски високо место во македонската современа ликовна уметност и етернитарност.

Љупчо Маленков

## BORO KRSTEVSKI - 50 YEARS OF INSPIRITING PLASTIC-AESTHETIC LIFE

Although connected with the material it will be made in, the sculptural thought is still based on many possibilities of game where new relations to matter and the material are established. It defines the space and, at the same time, its dimensions. Surely, aesthetizing and non-repeatability are important for Boro Krstevski. He is thoughtful of surfaces, or the relation of volumes and flat areas, light...He is also attentive of the moment where an idea turns into the refinement of the material thus creating works which are the results of his plastic sculptor's contemplation. The primary form of his work is shape, which, in turn, is created in a direct intervention of sculptor's proceeding and indirect reshaping of pulp into an art-valuing object. At points, he separates the surface from the cross-section of other happenings in a painter's way. Actually, he organizes the surface more densely or more dingily with rustic layers under which an active life of form is led in mutual relation with light. The well conceived mould pulps, the worked out plans, and the rhythm of lines and signs provide a work/object with plastic-aesthetic life in space, and raise the author, Boro Krstevski, to a prominent position in the Macedonian modern art and eternity.

Ljupco Malenkov



**ТРАГЕДИЈА - мермер**
**TRAGEDY - marble**



**НЕПОКОР - мермер**
**NON-SUBMISSIVENESS - marble**



**МАГДЕНЦЕ - мермер**
**LITTLE MAGDE - marble**



**МАКЕДОНСКА ИСТОРИЈА - мермер**
**MACEDONIAN HISTORY - marble**



БЕЛИ РОЗИ - мермер
WHITE ROSES - marble



ТРНЧЕ - камен туфо
THORN - tuff rock



MOJOT TATKO - мермер
MY FATHER - marble



КРАЛИ МАРКО - мермер
KING MARKO - marble



ЦАР САМОИЛ - мермер
TSAR SAMOIL - marble



СВ. КЛИМЕНТ - мермер
St. CLEMENT - marble



**СЕЌАВАЊЕ - мермер**
**MEMORY - marble**



**ЈОСИП БРОЗ - мермер**
**JOSIP BROZ - marble**

## Каталог:

1. Непокор - мермер
2. Јосип Броз - мермер
3. Мојот татко - мермер
4. Гоце Делчев - мермер
5. Цар Самоил - мермер
6. Кузман Капидан - песочник
7. Крали Марко - мермер
8. Бранко Тодоровски - мермер
9. Галички орфеј - мермер
10. Мајка - мермер
11. Магденце - мермер
12. Композиција - травертин
13. Акт - мермер
14. Форми - мермер
15. Бели рози - мермер
16. Св. Климент Охридски - мермер
17. Македонска историја - мермер
18. Пола пие ... - мермер
19. Трнче - туфо
20. Трагедија - гипс
21. Крали Марко I - гипс
22. Крали Марко II - гипс
23. Треблинка - гипс
24. Заточеник - гипс
25. Питу Гули - гипс
26. Александар Македонски - гипс
27. Грација II - мермер
28. Сеќавање -мермер

## Catalog

1. Non-submissiveness - marble
2. Josip Broz - marble
3. My Father - marble
4. Goce Delcev - marble
5. Tsar Samoil - marble
6. Kuzman Kapidan - sandy rock
7. Krali Marko - marble
8. Branko Todorovski - marble
9. Orpheus of Galicnik - marble
10. Mother - marble
11. Little Magde - marble
12. Composition - travertine
13. Akt - marble
14. Forms - marble
15. White Roses - marble
16. St. Clement of Ohrid - marble
17. Macedonian History - marble
18. He Drinks Half... - marble
19. Thorn - tuff
20. Tragedy - plaster
21. Krali Marko I - plaster
22. Krali Marko II - plaster
23. Treblinka - plaster
24. Prisoner - plaster
25. Pitu Guli - plaster
26. Alexander the Great -plaster
27. Grace II - marble
28. Remembering - marble



# БОРО КРСТЕВСКИ

Роден е 1931 во Скопје. Во 1945 за прв пат објавува стрип цртеж во *Пионер*, а подоцна во "Пионерски весник". 1946 год. е еден од основачите на Пионерскиот дом Карпош, каде ја формирал ликовната секција. Училиште за применета уметност завршил во Загреб 1952, а Педагошка академија 1972 во Скопје. Член е на ДЛУМ и ДЛУПУМ од 1952. Од 1953 член е на ликовната групата Денес. Во 1953 ја формира работилницата за обработка на камен во Училиштето за применета уметност во Скопје. Напоредно дал свој придонес за реактивирање на напуштените каменоломи во Прилеп, како и организирање погон за обработка на мермер во Прилеп. 1954 е основач на ликовна секција во Пионерски дом Карпош. Во 1970 работи во МНТ- Скопје како сценограф и изведувач на сценографии. Раководи со сите производни работилници. Од 1975 како слободен уметник соработува со Вардар филм. Од 1976 работи во Драмскиот театар се до пензионирањето. Има реализирано 17 самостојни изложби во земјава и другите републики на поранешна Југославија и во странство. Автор е на неколку монументални скулптури и споменични објекти во Македонија.

Негови дела се наоѓаат во Италија ( Мантова, Рим и Комо ). Во Израел во градот Ерусалим во музејот на Холокаусот " YAD VASHEM " се наоѓаат негови дела.За својата уметничка работа добил голем број награди и признанија.

**Самостојни изложби:**

**1960** Скопје, Изложбен салон на Работнички дом
**1961** Скопје, Изложбени простории на општина Кале
Скопје, Еврејска општина
Белград, Синагога на ул. Космајска (истата изложба е пренесена во Сараево и Загреб)
**1965** Мантова, Galleria la Saletta
**1969** Скопје, Центар за култура и информации
**1972** Скопје, Еврејска општина( нова зграда)
**1979** Скопје, Галерија Ко-Ра
Скопје, Фоаје на Драмски театар
**1980** Скопје, Салон на ДЛУМ
**1981** Скопје, Музеј на град Скопје
**1982** Скопје, Центар за култура и информации
**1989** Скопје, Уметничка галерија
**1996** Скопје, Културно информативен центар
**2003** Скопје, Културно информативен центар

---

Обработка на биографија: Марина Лешкова; библиографија: Лилјана Неделковска - Центар за документација, МСУ, Скопје

**Групни изложби:**

**1952** Загреб, Излагал со група ученици на УПУ во Загреб,УПУ
**Од 1953 до денес** учествувал на сите изложби на ДЛУМ
Скопје, I изложба на групата ДЕНЕС, Уметничка галерија
**1955** Сараево и Љубљана, Изложба на ликовни уметници од Македонија
**1956** Белград, I изложба на сојузот на ликовните уметници за применета уметност на Југославија
Скопје. Графичка изложба на шестмината, Клуб на уметниците
**1957** Белград, Изложба на современа македонска графика, Графички колектив
Скопје, I изложба на македонска графика,Дом на ЈНА
**1958** Загреб, Изложба на ДЛУМ, Умјетнички павилјон
Белград, Изложба на ДЛУМ,Умјетнички павилјон на малом Калемегдану
Марибор, Изложба на дела на македонски применети уметници,
**1961** Скопје, НОБ во делата на Југословенските ликовни уметници
**1962** Скопје, Македонски портрет XIX – XX век , Уметничка галерија
Ниш, Современа македонска ликовна уметност - ДЛУМ.
Скопје, НОБ во творбите на ликовните уметници, Дом на ЈНА
Скопје, Скопје низ ликовни дела, Уметничка галерија
**1964** Штип, Современа македонска уметност, Народен музеј - Безистен
**1965** Скопје, Скопје 63 низ ликовните дела, Музеј на град Скопје
**1968** Скопје, Изложба на паркова скулптура, Градски парк
**1969** Скопје, 25 години АСНОМ, Уметничка галерија
**1970** Струмица, VII струмичка ликовна колонија, Работнички универзитет
**1971/1972** Скопје, Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници, Уметничка галерија
**1975** Велес, НОВ во делата на македонските ликовни уметници, Народен музеј
**1977** Скопје. Тито и Револуцијата во делата на македонските ликовни уметници, Дом на ЈНА
**1982** Скопје, Современа македонска уметност, МСУ
Скопје, Аквизиции III, МСУ
Скопје, Прва вајарска колонија, РО - Металски завод Тито
**1983** Скопје, Подарени дела 1963-1983 , МСУ
Скопје, ДЕНЕС 1953 - 1983, Уметничка галерија
**1983, 1984 и 1985** Скопје, Ситна пластика, Уметничка галерија
**1985** Скопје, Современа македонска ликовна уметност (од кол.МСУ-Ск.), МСУ
**1986** Скопје, Илинден , НОВ и револуцијата во делата на македонските ликовни уметници, Музеј на Македонија
Скопје, Еротизмот во современата македонска ликовна уметност, Центар за култура и информации
Скопје, Климент и словенската просветленост, Уметничка галерија

**1987** Скопје, Ситна пластика, Ликовен салон на ДЛУМ
**1989** Скопје, Ситна пластика, Салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ
Штип, Современа македонска уметност, Уметничка галерија Безистен
**1991** Скопје, Кул - Парк, Културно информативен центар
Скопје, Ситна пластика, Уметничка галерија
Скопје, Нова постојана поставка на МСУ-Скопје, МСУ
**1992** Скопје, I зимски салон, Уметничка галерија
**1993** Скопје IV биенале на ситна пластика, Уметничка галерија
**1993,1994,1995 и 1996** Скопје, II, III, IV и V зимски салон, Уметничка галерија
**1999** Скопје, Портрет - Автопортрет, Ликовен салон на ДЛУМ

**Награди, одликувања и признанија:**

**1965** I награда за јавен споменик на конкурсот за загинатите работници во лавините во Маврово
**1968** Плакета од ГП - Маврово
**1971** Скопје, Медал за воени заслуги од ЈНА
**1975** Скопје, Орден за труд од I ред
**1977** Скопје, Признание за соработка од Народна техника
**1978** Скопје, Награда за ситна пластика на ДЛУМ
**1987** Скопје, Награда за скулптура на ДЛУМ
**1987** Скопје,Награда за ситна пластика на Уметничка галерија
**1999** Скопје, Награда Димо Тодоровски за скулптура на ДЛУМ

Награда Томо Владимирски на Дом на културата Кочо Рацин; Награда од авторска агенција за ситна пластика; I награда за цртеж на Ко-Ра; Благодарница од Народна техника на Македонија; Благодарница од Сојузот на борците од НОВ за Македонија; Благодарница од Пионерски дом - Карпош III; Златна плакета од Драмски театар; Р.О за згрижување и образование - Орце Николов ; Медал на трудот за пожртвуваната работа во МНТ

**Монументални дела:**

Маврово - Споменик на загинатите од лавина во Маврово
Прилеп - Скулптура во мермер Крали Марко
Струмица - Скулптура во простор Бекчето
Струмица - Скулптура во простор “Фискултурец”
Скопје - Спомен обележје на работилницата за оружје
Струмица - Фонтана за детска градинка
Ликовно обликување на браната Глобочица

**КАКО КОАВТОР РАБОТЕЛ СО ПОЗНАТИ СКУЛПТОРИ :**

Со Винко Матковиќ од Ријека работел на споменичната фигура во мермер - споменик на загинатите поморци
Со Загребскиот скулптор Анте Деспот работел на реализација на споменична скулптура во гипс
Со Димо Тодоровски ја клесал бистата Граничар и бистата на Веле Марков во Крушево
За Јордан Грабул клесал во мермер рељеф на Гоце Делчев за споменикот во Штип
Во цемент извел композиција од две фигури поставени на Скопско Кале;
Бетонски споменик во с.Белчишта (рељефи);
Мермерна скулптура на Борис Кидриќ;
Бетонска композиција во Градски парк - Скопје;
Соработувал во изградбата на споменикот Македониум во Крушево.
Го извел споменикот на револуцијата во Гевгелија изведен во алуминиум;
Споменикот во Ваташа.
За Петар Палавиќини клесал два рељефа во црн мермер, споменикот во Кавадарци
За Рашко Муратовски клесал рељефи
За Боро Митриќевски клесал фигура за надгробен споменик на Стале Попов.

### *ЗАПОЧНА СО РАБОТА ЛИВНИЦАТА*

*Ливницата за лиење скулптури и бисти во метали во Училиштето за применета уметност започна со работа во почетокот на овој месец. Сега таму се изработуваат три бисти на народни херои, што ќе бидат поставени осмолетката во село Богданци, две скулптури, а акт и куче, и спомен плоча на градителите на автопатот в Братство - единство в што ќе биде поставена кај Демир Капија. Сите овие уметнички изработки се од бронза и треба да се завршат до 29 ноември.*

*Оваа ливница, со која раководи наставникот по скулптура и обработка на камен Боро Крстевски, е прва во нашата Република. Таа ќе ги задоволува потребите од теренот на нашата Република, Јужна Србија, Космет, а подоцна и на НР Црна Гора. Потребните скулптури и бисти досега се лееја во ливницата во Загреб, каде што цената за едно леење е поголема од леењето во оваа ливница. За ливницата, која е набавена за 600.000 динари, подигната е нова просторија во дворот на училиштето.*

*Д.А.*
*Нова Македонија, 1959 год.*

**КАКО КОАВТОР РАБОТЕЛ СО ПОЗНАТИ СКУЛПТОРИ :**

Со Винко Матковиќ од Ријека работел на споменичната фигура во мермер - споменик на загинатите поморци
Со Загребскиот скулптор Анте Деспот работел на реализација на споменична скулптура во гипс
Со Димо Тодоровски ја клесал бистата Граничар и бистата на Веле Марков во Крушево
За Јордан Грабул клесал во мермер рељеф на Гоце Делчев за спомеником во Штип
Во цемент извел композиција од две фигури поставени на Скопско Кале;
Бетонски споменик во с.Белчишта (рељефи);
Мермерна скулптура на Борис Кидриќ;
Бетонска композиција во Градски парк - Скопје;
Соработувал во изградбата на споменикот Македониум во Крушево.
Го извел споменикот на револуцијата во Гевгелија изведен во алуминиум;
Споменикот во Ваташа.
За Петар Палавиќини клесал два рељефа во црн мермер, споменикот во Кавадарци
За Рашко Муратовски клесал рељефи
За Боро Митриќевски клесал фигура за надгробен споменик на Стале Попов.

***ЗАПОЧНА СО РАБОТА ЛИВНИЦАТА***

*Ливницата за лиење скулптури и бисти во метали во Училиштето за применета уметност започна со работа во почетокот на овој месец. Сега таму се изработуваат три бисти на народни херои, што ќе бидат поставени осмолетката во село Богданци, две скулптури, а акт и куче, и спомен плоча на градителите на автопатот в Братство - единство в што ќе биде поставена кај Демир Капија. Сите овие уметнички изработки се од бронза и треба да се завршат до 29 ноември.*

*Оваа ливница, со која раководи наставникот по скулптура и обработка на камен Боро Крстевски, е прва во нашата Република. Таа ќе ги задоволува потребите од теренот на нашата Република, Јужна Србија, Космет, а подоцна и на НР Црна Гора. Потребните скулптури и бисти досега се лееја во ливницата во Загреб, каде што цената за едно леење е поголема од леењето во оваа ливница. За ливницата, која е набавена за 600.000 динари, подигната е нова просторија во дворот на училиштето.*

*Д.А.*
*Нова Македонија, 1959 год.*

# BORO KRSTEVSKI

He Was born in Skopje in 1931. He graduated from the school of applied art in Zagreb in 1951, and the academy of pedagogy in Skopje.He is a member of the fine arts group "Denes".For the first time he published his comic strips in "Pioner" in 1945. and later in "Pionerski vesnik".He was one of the founder of the Pioneers Club "Karpos" in 1946, where he established the fine arts section. In 1953 he established the workshop for stone - processing in the school for applied art in Skopje. He was also involed in reactivating of the abandoned quarry in Prilep, and organizing the new section for marble-processing in Prilep.

He got employed in the Macedonian National Theatre, 1970, as a scenographer and he performed many scenographies. He was a head of all the processing workshops.In 1975 started working for the "Vardar Film" as a free-lance.He got employed in the Drama Theatre in 1976 and he became a pensioner after 40 years of successful service at the same theatre.He has participated at all the exhibitions organized by DLUM and DLUPUM since 1953.So far he has had 15 independent exxhibitions in our country and in the republics of the Former Yugoslavia and abroad.He is the author of several monumental sculptures and objects.Some of his works are exhibited in Italy (Mantova, Rome and Komo),as well as in Israel in the museum of Holohaust Yad Vashem.He has been awarded many times for his artistic works.

**Solo Exhibitions:**

**1960** Skopje, Workers' Centre Exhibiting Room
**1961** Skopje, Municipality Kale Exhibiting Premises
Skopje, Jewish Municipality
Belgrade, Synagogue in Kosmajska Street (the exhibition later moved to Sarajevo and Zagreb)
**1965** Mantova, Galleria la Saletta
**1969** Skopje, Culture and Information Centre
**1972** Skopje, Jewish Municipality (new building)
**1979** Skopje, Ko-Ra Gallery
Skopje, Drama Theatre Lobby
**1980** Skopje, DLUM Salon
**1981** Skopje, City of Skopje Museum
**1982** Skopje, Culture and Information Centre
**1989** Skopje, Art Gallery
**1996** Skopje, Culture and Information Centre
**2003** Skopje, Culture and Information Centre

**Awards and merits**

- Awarded a plaque and recognition of merit for successful cooperation with Mavrovo Construction Enterprise;
- Recognition of Gratitude by Narodna Tehnika na Makedonija;
- First Award at an open competition for a public monument to workers killed in 1965 avalanches in Mavrovo;
- Medal of Labour for diligent work at the Macedonian National Theatre in Skopje;
- Medal for Military Merits by the Yugoslav National Army;
- Small Plastic Award by the Author Agency;
- 1985 DLUM Sculpture Award;
- Tome Vladimirski Award by Koco Racin Culture Centre;
- First Award for Drawing by KO-RA;
- Dimo Todorovski DLUM Sculpture Award;
- Small Plastic Award by the Daut Pasin Amam Art Gallery;
- Recognition of Gratitude by the Association of Fighters in People's Liberation War for Macedonia;
- Recognition of Gratitude by the Karpos Pioneer Centre;
- Golden Plaque by Drama Theatre;
- Orce Nikolov Working Organization for student accommodation and education.

**Cooperation as co-author with famous sculptors:**

Vinko Matkovic in Rijeka - on a monumental marble figure - monument to killed marines;
Ante Despot, a sculptor in Zagreb - in the realization of a monumental sculpture in plaster;
Dimo Todorovski - on the bust of a "Border Guard"; and Vele Markov in Krusevo on "Bistra";
Chiseled a marble relief of Goce Delcev for the monument in Stip for Jordan Grabulovski;

worked in cement on: a composition of two figures on the Skopje Fortress (Skopsko Kale), a concrete monument at the village of Belcista (relief), a marble sculpture to Boris Kidric;

the construction of the monument Macedonium in Krusevo. He has made the Monument to Revolution in Gevgelija in aluminum, and the monument in Vatasa;

Chiseled two reliefs in black marble, a monument in Kavadarci on behalf of Petar Palavikini;
Chiseled reliefs on behalf of Rasko Muratovski;
Sculpted a figure for Stale Popov's tomb on behalf of Boro Mitrikeski.



**ДЕЛА ОД ОПУСОТ НА БОРО КРСТЕВСКИ**



КРАЛИ МАРКО - мермер
KING MARKO - marble

*Прва современа скулптура*
*во Македонија*
*критика од З. Блажиќ*
*first sculpture in Macedonia*
*critics by Z. Blazic*



**ДОН КИХОТ,** прототип
жица и каширана хартија
во бакар, 1953
соп. на Илија Џувалековски
**DON QUIXOTE,** prototype
copper, 1953
property of Ilija J.



**JAMA** - мермер
**PIT** - marble
димензии: 0,40 x 0,28 x 0,30 м.



**БЕГАЛЦИ** - **дрво, орев, 1964**
**REFUGES** - **wood, 1964**
**соп. на централата на КПИ за Ломбардија**
**Димензии: 0,83 x 0,24 x 0,9 м.**



**РАЗДЕЛБА** - мермер
**PARTING** - marble
димензии: 0,35 x 0,18 м.



**КУЗМАН КАПИДАН** - **песочен камен**
**KUZMAN KAPIDAN** - **sandy rock**



**СКОПЈАНКА** - травертин, 1955
**SKOPJE CITIZEN** - travertin, 1955
соп. на д-р Страниери-Италија
димензии: 0,32 x 0,23 x 0,25 м.



**БИЗОН** - мермер
**BUFFALO** - marble
соп. Миле Корубин
димензии: 0,30 x 0,25 м.



**ТОРЗО - мермер**
**TORSO - marble**
**1987 награда за ситна пластика**
**од Даут Пашин Амам - Скопје**
**1987 Daut Pashin Amam Art Galery**
**Smoll plastic Award**

# КРИТИКА ЗА ТВОРЕШТВОТО НА БОРО КРСТЕВСКИ




1. Деца праева снешко. 2. По патот идеше пионер. 3. Кога ги виде тој рече: „Нее време за играчки, туку за работа“. 4. Децата послушаа оста-на снегот зедова лопати и го исчистиа патот.

Цретеж. Боро Крстевски, пионер од Скопје.

*"Пионир" бр. 4 од 27. II. 1945 г.*

ТОМИСЛАВ ОСМАНЛИ
во книгата "Стрипот во Македонија"

Еден од младите стрип-ентузијасти и автори секако е и ликовниот уметник Боро Крстевски, кој што на 27.02.1945 год. во четвртиот број на "ПИОНЕР" го објавува својот прв стрип под наслов "ДА ЖИВЕЕ РАБОТАТА" според текстот на Славко Јаневски, додека во следниот петти број на "ПИОНЕР" од 19.03.1945 година го објавил и вториот стрип "ЦРВЕНКАПА И ВОЛКОТ". Крстевски, во вториот број на "Пионерски Весник" истата година, го објавува стрипот "Брза Помош" додека повторно во "Пионер" 1946-та година го објавува детскиот стрип со стихови под наслов "Боре в поле помош даде, после ручек слатко јаде!". Со овие остварувања, наменети на најмладите, изведени со кревката рака на млад, но даровит цртач. Крстевски се јавува како најплоден меѓу раните македонски стрип-автори.

ЕЛЕНА МАЦАН
по повод првата самостојна изложба на Боро Крстевски
"Нова Македонија" од 25 мај 1960 година

Салата на Работничкиот дом во Скопје веќе доби афирмација како вонредна просторија, на изложбени манифестации. Со мала адаптација, таа би можела да биде најдобра во Скопје. Деновиве таму излага Боро Крстевски, стручен наставник во средното уметничко училиште во Скопје. Школата за применета уметност ја завршил во Загреб 1952 год. и веднаш потоа почнал да работи како стручњак-педагог. Работите што ги изложил на оваа изложба датираат од пред неколку години. На работите во камен констатираме дека е одличен мајстор во занаетот на што на вајарите им е нужно за изведување. Неговите работи се разновидни и по стил и по мотив. Стилски одат од реализмот до кубизмот. Има облици да се изрази низ поедноставни како волумен. На извесни места ја покажува импресионистичката техника, но се уште недоволно изразена како дел од формата што ја покрива. На главите портретите се чувствува имспирација од нашиот голем мајстор - Мештровиќ. Ова не треба да се земе како негативно, затоа што секој почетник треба да има некоја точка од која тргнува. Но, тука треба, во текот на времето, да се искористи само она што е општо добро.

Боро Крстевски има несомнено чувство за пластика, кое треба да го искористува само спонтано, неусилено. Него го интересира не само разновидната форма, тука се инспирира и од историјата.

Добро му се решени портретите ("Девојка", "Мојот татко"), а големата скулптура "Одмор" ("Непокорена") во Мрамор. Има нешто во ликот од нашите локални типови, што е мошне пријатно да се почувствува. Обработката на оваа скулптура многу придонесла за основната замисла, затоа што мазната површина на фигурата излегува од рустично осветлената маса на мрамор-постаментот.

Секако треба да се очекува повеќе од скромниот и вреден автор, Боро Крстевски.

БРАНКО ЗАРЕВСКИ
по повод изложбата одржана во италијанскиот град Мантова
"Нова Македонија" 27 февруар 1966 год.

НЕПОДЕЛЕНИ ПРИЗНАНИЈА
Италијанската критика за смостојната
изложба на скулпторот Боро Крстевски во Мантова

Италијанскиот печат, речиси, е еднодушен во позитивната оцена на самостојната изложба на скулпторот Боро Крстевски, прикажана во Мантова, констатирајќи ги органските врски на делото на Крстевски со Македонското поднебје, со народниот бит и определување, Италијанската критика укажува на фактот, дека сето тоа е база, врз која уметникот се издига до одредени универзални значења, заеднички за сите луѓе од сите меридијани до преокупација на духот и доживувањето на денешникот. Посебно критиката става апостроф врз мајсторството на Крстевски, во просторните обликувања со што, покрај другото, сигурно навлегува во сферите на современите светски уметнички вреднувања.

Така, Ренцо Маргонари, во еден од февруарските броеви на "ГАЗЕТА ДИ МАНТОВА", по повод изложбата, вели:

"Во третманот на дрвото и мермерот, различни камења од чудни конформации и скапоцени бои, Боро Крстевски покажува значајна мајсторија, достатна за да се потврди дека е способен и натаму да го продлабочува своето искуство кое, тоа е јасно, ја избегнува реториката... за да достигне до разни проблеми што ја интересираат површината на волуменот, играта на светло-сенка на обработените површини... Да ги ублажи рефлексите".

Тоа го изразува, вели натаму истиот критичар, неговата тивка и мирна монументалност во делата од дрво, мермер, бакар, кои Боро Крстевски ни ги покажа на самостојна изложба во Мантова.

БОГДАН МУСОВИЌ
осврт кон 8-та изложба во галеријата "Ко-ра"
"Нова Македонија" 30 март 1979

ФИГУРАТИВНА ОРИЕНТАЦИЈА
кон изложбата на Боро Крстевски во галеријата "Ко-ра"

Со својата осма самостојна изложба, Боро Крстевски ја презентира во доста скромните услови на галеријата "Ко-ра" својата цртечка ипортретска ангажираност во скулптурата.

Во цртежите од малку постар датум Крстевски ја спроведува својата основна скулпторска мисла и ориентација како комплетна целина, нагласени скулпторски маси со фигуративен концепт. Судејќи по ред се ангажираниот мотив и спомeничката категоризација кај Крстевски има свој траен интерес, во кој уметникот го изразува своето пластично видување: на драмата, историското сиже и фигуративните групации, односно симболичните асоцијативни претстави на својата скулпторска порака. Стилизираноста на формата е нагласена со техничката постапка на положениот јаглен, во која споменатите маси дејствуваат со силно единство и одредена намера. Овие цртежи, според својата превосходна намера или примена, можат да се сфатат како студиозна белешка за идната скулптура, но нивното егзистирање е можно како самостоен дел во рамките на цртачката уметност. Цртежите од понов датум излегуваат од овој пластичен контекст и во стилски поглед делуваат со илустративно-надреалистички впечаток и со сценографска организација на просторот.

Иако Боро Крстевски изложи само осум портрети, изложбата делува, пред се, како скулпторска, манифестација зашто и многубројните цртежи се наоѓаат во подредена положба како некоја појдовна точка кон пластичната цел. Во стилски поглед портретите не излегуваат од реалистичко-експресивната ориентација што секако е условно со битната идеја на нивната претпознатливост и со истакнувањето на карактерните одлики на портретираните личности. Стилизацијата за која станува збор кај цртежите е присатна и на портретите, но во помала мерка. Иако портретите засега се изработени во гипс, нивната крајна материјализација би можела да биде во бронза, па и во камен.

Од портретите со својата непосредност можат да се издвојат: Јосип Броз, машки портрет, Зденка и други.

ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ<br>
за самостојната изложба на Боро Крстевски во "Ко-ра", Скопје<br>
"Вечер" 16 март 1979 год.

## ВОЛУМЕНОЗЕН ЦРТЕЖ

Ова е осма самостојна изложба на скулпторот Боро Крстевски кој повеќе ни е познат по неговите скулптурални споменици во Скопје и во други градови на Републиката, преку кој се има афирмирано како солиден интерпретатор на реалистичната и силна енергична форма што кај нас прв ја застапуваше Димо Тодоровски, ветеранот на македонската современа скулптура. Изложбата е скромна по обем, таа претставува само една камерна, интимна експозиција на неколку понови дела на авторот. Осум скулптури и дваесетина цртежи.

Во скулптурите, кои се всушност портрети, ги наоѓаме белезите на традиционалните сфаќања за скулптуралното портретирање, каде што доминира воздржаноста во предавањето на масите, а се истакнува како примерен квалитет сличноста со моделот, а на моменти и блага психологизација, особено во портретите на анонимните модели, бистите на Тито, на Иво Рибар Лола и на Маркс, можат да се гледаат како солидни остварувања, каде што претпазливоста и воздржаноста при обликувањето особено се забележува, но исто така преку нив го откриваме и неговиот талент и афинитет према пластичноста и волуменозноста на облиците.

Од чисто скулптурална гледна точка особено се интересни неговите портрети на артистот Дарко Дамески, и портретот на неговиот татко. Иако се предадени според традиционалните сфаќања за овој вид на моделирање, сепак во нив чувствуваме

свежина во изразот и услуп при распоредот на масите. И во овие портрети е потенцирана техниката за постигање сличност со моделот и откривањето на неговиот карактер.

Меѓутоа, на оваа изложба од Боро Крстевски посебно не шармираат неговите цртежи, кои се работени со јаглен и со перо и туш. Веднаш можеме да го истакнеме приоритетот на цртежите кои се изведени со јаглен-креда. Цртежите со перо и туш претставуваат само пробни егзибиции на авторот необврзана игра на раката. За разлика од нив, цртежите со јаглен-креда можеме да ги примиме како целосни уметнички остварувања, а не само како егзибиции, не само како споредни или подготвителни скици за некој поголем споменик, иако не е исклучена можноста од нив и да се реализира таква работа. Во тие цртежи Крстевски ни открива неколку свои уметнички доблести: вешта, сигурна рака, што произведува цврст и сериозен цртеж: полност и волуминозност на тој цртеж, што е постигнат со еден чист потег; осет за притискање, односно попуштање на кредата, со што се постигнува валерска вредност на следната од кредата; и најпосле, добро познавање на анатомските правила како и љубов према анатомијата како најголем придружник за класичната уметност.

Заедно со овие цртачки способности на Крстевски создаваат една композиција од испреплетени тела што асоцираат на еден современ лаокоон, визијата на народната борба и револуција.

ВЛАДО ВЕЛИЧКОВСКИ
кон изложбата на Боро Крстевски во ликовниот салон на ДЛУМ
"Нова Македонија" 27 мај 1980 год.

## ТИТОВИОТ ЛИК НЕИСЦРПНА ИНСПИРАЦИЈА И ТЕШКА ЛИКОВНА ЗАДАЧА

Изложбата на идејнискулптури и цртежи на Боро Крстевски е резултат на истрајната петгодишна работа. Инаку, Крстевски е автор кој подолго време, од првите негови појавувања како скулптор, создава на теми од нашата народноослободителна борба и револуцијата. Овој пат тој заокружува една тематска целина, претставувајќи го ликот на претседателот Тито во една ретроспектива на својот ликовен израз. Ликот на другарот Тито беше и остана неисцрпна инспирација на поголемиот дел југословенски уметници. Во таа смисла може да се каже дека многумина од нив само се приближиле до неговиот пореален портрет. Причината за тоа во значителен дел ја пронаоѓаме во неможноста да се доловат нијансите во портретот на една така богата личност како што беше претседателот Тито. Покрај тоа што неговиот лик има изразени и карактеристички црти на малкумина им успеало да ја доловат неговата внатрешна содржина.

Крстевски своите дела ги работел по фотографија, и по сеќавање, што речиси ја исклучува можноста за поблиско и продлабочено доловување на Титовиот лик. Непосредниот допир со моделот секогаш создава можност за негово поживо, поавтентично и попластично нијансирање. Сепак Крстевски постигнува извесни резултати во однос на верноста и карактерните белези на Титовиот лик. Забележливи се карактеристичните белези на мисловност, цврстина и упорност на човек од акција. (Тито-портрет И, Тито борец за мир-релјеф). Идејните цртежи како и скулптурите (Фигура, бисти, рељефи) изведени во патиниран гипс, се движат во реалистичко експресионистички стилски рамки.

Да ги повториме на крајот зборовите на самиот автор, кој вели дека тоа се дела "Проекти за идни монументални скулптури што би биле изведувани во различни материјали". Што во основа го објаснува и карактерот на оваа изложба.

Софија Ѓуровска
"Нова Македонија"
27 октомври 1985 година

## СИНОЌА ВО ДРАМСКИ ТЕАТАР ИЗЛОЖБА НА БОРО КРСТЕВСКИ

Синоќа во фоајето на Драмскиот театар, скулпторот Боро Крстевски ја отвори својата 13-та самостојна изложба. Поставката содржи 12 карикатури - скулптури на познати артисти, режисери и драмски писатели. Како скулптор со 33 годишно искуство, автор на многубројни споменични и интимни скулптури, а особено автор на портрети, на Крстевски не му претставуваше особено тешкотија реализацијата на оваа изложба: како сценски пластичар и бутофорист, тој неколку децении живее со театарот и луѓето во него.

ВЛАДО ВЕЛИЧКОВСКИ
"Вечер" 16 ноември 1985 год.

Боро Крстевски би го споменал поради дванаесете портретни карикатури во гипс, изложени во фоајето на драмски театар во Скопје. Тоа се брзо фатени по сеќавање карикирани ликови на актерите, режисери и писатели: П. Прличко, Д. Крстевски - Анфи, Б. Чоревски, Ш. Ангелов, В. Грубач, Р. Стефановски, М. Грозданов, П. Маџели, М. Јовановски и Р. Османли. Токму таквиот спонтан пристап, колку тоа може да се оствари во скулптурата, му овозможува на вајарот по слободно да деформира и да го истакнува карактеристичното во мотивот што добива поинакви белези кога се работи по модел и студиозно. Инаку, до сега во македонското вајарство не е негуван забележително овој жанр.

НИКО ТОЗИ
Предговор во каталогот за ретроспективна изложба во уметничката галерија
"Даут Пашин Амам"

Боро Крстевски припаѓа на генерацијата која од многу што се одрекуваше не жалејќи труд и време да се здобие со знаење со кои ја надополнуваа дарбата. Таа релација е вградена и во творечкото кредо на скулпторот Боро Крстевски. Неостапувајќи од таа максима, уште од раните детски години ќе го издвои меѓу врсниците во ликовната секција на Пионерски дом "Карпош" и ќе го ориентира во средно художествено училиште во Скопје. Набргу ќе биде забележана неговата надареност и работливост. По препорака од наставничкиот совет своето ликовно образование од 1949 до 1952 год. ќе го оформува во Загреб. Неговиот творечки жар и буен темперамент ќе го врзат за каменот. Од неговите жилести раце под силниот, знаечки и смел удар на чеканот, длетото со сигурност ќе ги оживотворува фигурите.

Забележан со своите творби уште на првите настапи ќе биде ангажиран како ликовен педагог во школата за применета уметност и Пионерскиот дом "Карпош" во Скопје каде со својата неуморна и предана работа ќе даде значаен и забележлив придонес во образованието на ликовните генерации. Постојано во акција и истражување и со несовладлива желба за нови сознанија за современите токови во ликовната уметност, плодната творечка и изложбена дејност ќе го издвојат во челните редови на ликовните трудбеници во областа на пластичните уметности во Македонија.

Од 1953 год. е присутен во сите активности на ДЛУМ и ДЛУПУМ како и во ликовната група "Денес". Неговиот разновиден и броен творечки опус што се движи од интимна-ситна, до монументална пластика ги носи белезите на авторовиот творечки неспокој и неговите ликовни преокупации и истражувања во сферата на: реализмот, кубизмот, а се повеќе во експресионизмот или до максимум стилизирана и упростена форма, во зависност од темата што ја обликува: портрет, фигура, композиција. Освен каменот, Крстевски во својот ликовен немир не опстојува на предизвикот што го овозможуваат во ликовниот израз дрвото и металот. Го негува цртежот и режаната графика. Се обидувал и во обликување на просторот и сценографијата. Како резултат на континуираната творечка и истражувачка тензија, Крстевски ни се презентира во уметничката галерија во Скопје во неговите сегашни преокупации со кои ќе ја запознае ликовната јавност и почитувачите на неговото творештво.

КОСТА Н. МАРТИНОВСКИ
за четиринаесеттата изложба која на ден 19 октомври 1980 ја отвори во
уметничката галерија "Даут Пашин Амам" во Скопје

Чест ми е што сум задолжен во име на уметничката галерија, вечерва да ја отворам изложбата на Боро Крстевски.

Творечките преокупации на Крстевски се зародуваат уште од педесетите години, и од тогаш па се до денес е стално присутен во нашата средина било да е тоа низ неговите бројни самостојни изложби, изложби со групата "Денес", ДЛУМ или ДЛУПУМ, или со неговите споменични дела кои ги има низ целата наша Република.

Следејќи ги хронолошки делата презентирани на оваа изложба, тие претставуваат неколку самостојни целини меѓусебно поврзани една со друга.

Жената, Крстевски ја моделира робусно и со разни намерни деформации во кои се губат сите правила на пропозицијата, но во исто време со деференцијација на поедини делови на телото изведени со извонредна прецизност. Во таков манир се изведени неговите неколку "Грации" и "Актови" настанати во разни периоди на неговото творење.

Богатата историја на македонскиот народ е тема која авторот ја обработува низа години. Низ неколкуте дела инспирирани од оваа тематика успеваме да го почувствуваме нашето минато низ една специфична димензија.

Во тој стил се изведени портретите на Тито и Гоце Делчев, логорашите или пак самоиловите војници.

Двете коњски глави настанати во разни периоди на творештвото на Крстевски го откриваат во една сосема друга боја, со оглед дека делата се изведени со една извонредна прецизност.

Сите овие експонати говорат за една богата и плодна личност и тој е еден од ретките вајари во својата генерација која без големи ломови и подпаѓања под туѓи влијанија пронајде и развива една специфична естетика адекватна на својата природа, својот поглед на свет и уметност.

ЈА ПРОГЛАСУВАМ ИЗЛОЖБАТА ЗА ОТВОРЕНА.

# REVIEWS ON BORO KRSTEVSKI'S WORK

Tomislav Osmanli
in Comic Strip in Macedonia

... Artist Boro Krstevski is certainly one of the young strip enthusiasts. He published his first comic strip, *Long Live Work*, on Slavko Janevski's text in the fourth issue of the *Pioner* on February 27, 1945 followed by his second cartoon *Red Riding Hood and the Wolf* in the fifth issue of the paper on March 19, 1945.

